РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-841/2
10-06-2025 v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на чл. 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), чл. 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), на својата 19-та седница одржана на 02.06.2025 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-841/1 од 24.02.2025 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-841/1 од 24.02.2025 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 12-841/1 од 24.02.2025 година е оформен врз основа на поднесена пријава од непознат подносител. Пријавата содржи наводи на сомневања за незаконско исплатување плати на службено лице ///, поранешен воздухопловен инспектор во /// од страна на службено лице ///, поранешен директор на споменатата агенција. Ова започнало во време на пандемијата COVID-19 непосредно пред заминувањето на службеното лице во пензија.

Ценејќи ја содржината на пријавата, ДКСК оцени дека предметот нема елементи за надлежно постапување. Имено, наводите во пријавата се нејасни и нема доволно елементи за начинот на кој било извршено наводното незаконско

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

исплатување плати. Од овие причини, ДКСК пријавата ја отфрли и одлучи како во диспозитивот.

**Заменик претседател**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: м-р Д. Д., советник
Контролирал: Ј. Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И. П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б. К. Ш., член

Доставено до:
- Архивата на ДКСК.